Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

# УЧИЛИШТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

# ИНФО за „Училиште за одржлив развој“

Како континуирана заложба на Здружението на граѓани- Еко Логик во поглед на подигнување на свеста за значењето на целите на одржлив развој, како и потврдување на улогата која младите може да ја имаат во остварување на позитивни промени во општетството, во 2018 година, произлезе и потребата од организирање на кампови за одржливост и зародиш на „Училиштето за одржлив развој“.

„Училиште за одржлив развој“ всушност означува неформално изучување и разбирање на целите за одржлив развој (поставени од Обединетите Нации за 2030 година) преку низа активности, интерактивни алатки, едукативни игри (подготвени од Здружението на граѓани- Еко Логик) и модули во рамки на реализирање на кампови во различни плански региони во државата.

Главна цел е да ги едуцира учениците од средните училишта во Република Македонија во оваа област, но исто така и да ги мотивира, односно активира да дејствуваат во решавање на различни еко-проблеми во нивното место на живеење, а со тоа да придонесе кон :

- Зголемување на еко- младинскиот активизам во областа на заштитата на животната средина;

- Надградување на теоретското, но и практичното знаење во областа на екологијата како наука;

- Промовирање на практична имплементација на принципот на Одржлив Развој;

- Нудење на можности за инволвирање, ангажирање на сите млади средношколци во различни еко-проекти, еко-кампањи со цел промовирање и унапредување на заштитата на животната средина итн.

Во рамки на секој организиран „Камп за Одржливост“ главниот фокус е ставен на обработување на одделна тема која е поврзана со заштитата на животната средина, како на пример: ублажување на климатските промени, справувањето со огромниот отпад во одделни градови итн.

Преку ‘’Училиштето за Одржлив Развој’’ средношколците имаат можност подобро да се запознаат не само со Целите за Одржлив Развој, меѓутоа и со актуелните локални

проблеми поврзани со секоја одделна цел, а со самото тоа, да стекнат подобри вештини во нивно надминување и да станат промотори за поздрава и почиста околина.

## Реализирани активности во рамки на „Училиште за одржлив развој“

- **Камп за одржливост- Епизода 1, одржливи градови и заедници**

Во организација на Здружението на граѓани Еко Логик, а поддржано од Град Скопје и фондацијата Фридрих Еберт, од 18 до 21 октомври во Охрид, се одржа "Камп за одржливост" каде беа презентирани целите за одржлив развој на Обединетите Нации преку интерактивни методи за учење како разни друштвени игри, работа во групи и останати забавни активности.

Во кампот беа вклучени 26 ученици од прва, втора, трета и четврта година од вкупно 12 средни училишта на територија на Град Скопје. Активностите на кампот беа реализирани преку разни индивидуални и групни активности, дебати, работилници и игри, а секако имаше и забавен дел за дружење на учесниците.

Резултат на реализираниот кампот беше произлезени решенија за создавање на одржливи училишта, населба и градови.

- **Камп за одржливост- Епизода 2/ изучување на цели за одржлив развој**

На кампот имаше учесници од Валандово, Куманово, М.Каменица, Прилеп, Скопје, Кочани. Тие имаа можност да бидат дел од различни активности како дел од програмата на кампот. Како на пример: icebreak активности, избор на специфичен проблем поврзан со 17те цели на ОН, посета на едукативен центар Негрево, реализација на SDG квиз, активност или предизвик поврзан со 17те цели на ОН, едукативна игра Еко Не Лути се човече итн. Преку овие активности се овозможи: подобрување на знаењето на средношколците за одржливите цели на Обединетите Нации, групирањето во тимови да работат на одредено прашање од различна еколошка природа го стимулираше нивното иновативно и креативно размислување.

- **Камп за одржливост- Епизода 3 /Аерозагадување и отпад**

Кампот за одржливост беше реализиран во ноември, Охрид, каде присутни беа 24 учесници од 12 средни училишта од Град Скопје. На учесниците им беше овозможено да се запознаат со целите за одржлив развој, да ги разгледуваат предложените предизвици и проблеми согласно добиените апликации, да работат во групи и да истражуваат на тема отпад и аерозагадување. Исто така, учениците дефинират

проблем на локално ниво преку користење на алатка за одржлив развој која е креирана од Еко Логик. Преку алатката учесниците утврдуваа бенефиции, корисници, предизвици, засегнати страни, исходи и на крајот споделуваа можни решенија. Исходот кој произлезе е следниот: унапредување на знаењето на средношколците за аерозагадувањето и отпад, поттикнување на нивната вклученост во давањето на предлози и идеи за создавање на иновативни решенија и продукти.

-Предлог продукти произлезени од учесниците како резултат од кампот со следните наслови

се: Еко Пласт, Депо на Македонија, Робохоп и онлајн апликација Собери ме.мк

**Начин на избор на учесници кои се дел од реализираните активности (кампови за одржливост)**

Начинот на селекција на учесници кои ќе бидат дел од организираните кампови е преку отварање на јавен повик за учество. Истиот се објавува на социјалните мрежи (фб страни) на Еко Логик и Училиште за одржлив развој, како и се проследува официјално до самите училишта. На учениците им се поставува задача да споделат идеја за начинот на решавање на проблемот поврзан со темата која се опфаќа на кампот, поткрепена со фотографија од околината која ги опкружува.

На повикот пристигнуваат различни типови на апликации, односно идеи- опфатени истражувања за зададената тема; инспиративни текстови, односно есеи; иновативни идеи за соочување со локалните предизвици итн.

Исто така, се испраќаат тип на фотографии- фотографии од опкружувањето; цртежи; обработени фотографии од интернет итн.

Согласно, воспоставените критериуми- идеја и фотографија кои означуваат оригиналност, критичко размислување и мотивација за справување со локалните проблеми и предизвици, се избираат учесници.

- **Работилници со професори од средни училишта**

По одржаните кампови за одржливост, се организираат и средби со професорите, односно со претставници од средните училишта каде што се споделуваат реализираните активности и продуктите кои имаат за цел намалување на локалните проблеми, а истите произлегуваат од иновативноста на самите ученици- учесници на кампот. Истовремено, се разменуваат предлози за идни можни чекори поврзани со целите на одржлив развој, во рамките на“Училиштето за одржлив развој“, но и пошироко, во самиот образовен процес. Земајќи ги во предвид препораките и заклучоците на Обединетите нации кои ја нагласуваат потребата за интегрирање на

принципите, вредностите и практиката на одржлив развој во сите аспекти на образованието и учењето, на овие работилници се развива и дискусија и за за воведување на секции или т.н клубови „Цели за одржлив развој. За таа цел, професорите беа поделени во групи каде што ја користеа алатката за одржлив развој, едукативен концепт креиран од Здружение на граѓани Еко Логик. На овој начин, беше дискутирано за придобивки, можности, корисници, исходи, предизвици и засегнати страни за формирање на клуб за одржливост или воведување на оваа тема во вonнаставни активности.

Од страна на професорите, се добива впечаток дека се сериозно заинтересирани за отпочнување на ваков тип на активности во образованиот процес.

**Предлози за вклучување во воннаставни активности**

Предлог е овие клубови бидат сочинети најмногу од ученици од 2ра и 3та година, и да функционираат на ниво на ,,проектни активности“. Дополнително, беше дискутирано проектните активности да бидат поврзани, и да се надградуваат од една во друга работна сесија/средба. Во поглед на ,,follow up" активности како резултат на реализираните ,кампови за одржливост“, е и дополнително развивање на идеите кои произлегоа од страна на самите ученици.

- **Анкетен прашалник**

Дополнително, во тек е прашалник за евалуција, чија цел е да се проценат мислењата на релевантните таргет групи во однос на формирање на т.н кампови или секции за одржливост. Истовремено, анкетниот прашалник има за цел да се осознаат видувањата за начинот на доработка на продуктите кои беа реализирани од страна на учениците на одржаните кампови за одржливост. Односно, подетално да се увидат размислувањата и предлозите за начинот на функционирање, потребни материјали, подготвеноста или потребата од обука на професорите за започнување на нов процес за долгорочно создавање на генерации кои ќе бидат подготвени и мотивирани да решаваат значајни предизвици/ проблеми од општество, преку осознавање на целите за одржлив развој.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

## Камп за одржливост #2, Пониква

## Наративен извештај

Еко-Логик, непрофитна организација која е посветена на заштита и зачувување на животната средина во соработка со фондацијата ФЕС, го организираше „Кампот за одржливост“ од 5 до 8 август во Кочани, Пониква. На кампот имаше учеснции од Валандово, Куманово, М.Каменица, Прилеп, Скопје, Кочани. Тие имаа можност да бидат дел од различни активности како дел од програмата на кампот.

Камп на одржливост“ беше составен од следниве еко-активности:

## Понеделник – 05.08.2019

- **Воведување на тимот на Еко Логик во агендата и програмата на кампот**

Еко-Логик го претстави својот проектен тим заедно со агендата на Кампот за одржливост и предвидените еко-активности. Поминавме низ секоја активност предвидена во агендата, целта на секоја активност и како ќе учествуваат учесниците во секоја од нив. Ние, исто така, објаснивме како секој од учесниците ќе биде подобро запознаен со одржливите цели на Обединетите нации, со помош на учење на некои значајни факти и одговарање на интересни прашања.



- **‘’Ice Breaking’’ активности**

Ваквите активности се одлични за учесниците со цел тие подобро да се запознаат. Учесниците се забавуваа во играњето на овие игри и научија да си веруваат едни на други преку овие игри. Тоа им помогна да се дружат и да се почувствуваат поопуштено едни со други. Тие станаа поблиски и на крајот од кампот сите беа блиски пријатели.





## Вторник- 06.08.2019

- **Walk and Talk-активност**

''Walk and Talk'' е забавна игра каде на учесниците им се дава да изберат различни прашања за подобро да се запознаат. Напишаните прашања иницираа одличен разговор помеѓу учесниците и тие разговараа за самите себе, за нивната омилена книга, боја, филм или нивните идни амбиции поврзани со образованието или работата. Тие уживаа да разговараат едни со други и ова им помогна да научат нешто повеќе за другата личност а сето тоа ги зближи уште повеќе.





Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

- **Избор на специфичен проблем поврзан со 17-те цели на Обединетите нации**

Учесниците беа поделени во работни групи за да пробат да решат некои конкретни социјални проблеми поврзани со град, локален регион или училиште. Тие работеа на различни социјални проблеми што беа тесно поврзани со нивниот главен град, локалното место или училиште. Некои од разгледаните теми беа: недоволна социјална вклученост, нееднаква дистрибуција на вода и гас, недостаток на едукативни млади центри. Разновидноста на овие проблеми поттикна да се прошири хоризонтот на размислување кај сите учесници.



- **Избор на специфичен проблем поврзан со 17-те цели на Обединетите нации**

Учесниците ги претставија своите креативни идеи за решавање на некои локални проблеми. Една од групите ја сподели својата креативна и иновативна идеја за отворање на еден млад едукативен информативен центар кој ќе понуди многу културни, спортски и едукативни активности кај младите кои живеат во одредена локална област. Друга група зборуваше за донирање или прераспределување на облека на хуманитарни организации или социјални ранливи групи на граѓани.







- **„Посета на едукативниот„ Инфоцентар-Пониква “**

Учесниците имаа можност да го посетат едукативниот „Инфо центар-Пониква“ каде научија повеќе за почетоците на овој центар и за сѐ што нуди овој центар. Овој центар е во срцето на Осоговските планините кои изобилуваат со различна вегетација и шума. На учесниците им беше претставен и спортскиот центар кој се наоѓа во близина како и просторот за лов.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk



- **Социјални медиуми без Интернет**

Учесниците го нацртаа својот индивидуален ФБ профил на хартија за флипчарт и користеа различни ФБ емоции на достапни во собата. Тие коментираа, постираа или реагираа на меѓусебните профили. Секој профил беше уникатен. Целта на оваа игра беше учесниците да ја искусат употребата на социјалните медиуми без интернет.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk



## Среда 07.08.2019

- **Посета на Образовниот центар Негрево**

Учесниците го посетија Образовниот центар Негрево каде научија многу нови факти за видовите животни и нивните домови. Тие имаа можност да видат слики од различни животни, птици и факти поврзани со нивниот живот, еволуција и местата каде живеат.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk



- **SDG квиз**

Учесниците учествуваа на квиз каде решаваа прашања поврзани со 17-те цели на Обединетите нации. За време на решавањето на прашањата, тие научија многу нови факти, информации поврзани со сиромаштијата во светот, процентот на зголемување на глобалното затоплување и бројот на девојчиња ширум светот кои се вклучени во формалното образование. На крајот учесникот со најточни одговори доби мал подарок за неговиот труд и знаење.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk





- **Проблем + Активност + Предизвик – Решавање на проблем, активност или предизвик поврзан со 17 цели на Обединетите нации**

Учесниците беа поделени во тимски групи и работеа на специфичен проблем тесно поврзан со 17-те цели на Обединетите нации. Тие ја искористија платформата на алатката за одржлив развој за појасно да ги мапираат предизвиците, засегнатите страни, можностите и главните цели на нивниот проблем.



- **Презентирање во групи „Алатка за Одржлива Цел“**

Учесниците ја презентираа својата „алатка за одржлива цел“ во специфични области поврзани со одредени еко-предизвици. Во зависност од мапираниот проблем, тие јасно ги лоцираа идните предизвици, можните засегнати страни, можностите, и потребните методи за нивно практично спроведување

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk



## Четврток 08.08.2019

### Впечатоци од кампот

Учесниците беа поканети да одговорат на прашањата: Што ми се допадна? Што научив? Што сакам да сменам? Учесниците одговорија на трите прашања во налепници од различни бои. Им се допаднаа еко активностите; научија многу за одржливите цели на Обединетите нации и сакаат да се обидат да направат социјална промена во нивната заедница.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk



- **Еко-Не Лути се Човече**

Учесниците учествуваа во играта Еко-Не Лути се Човече и научија многу нови факти и информации во врска со одржливите цели на Обединетите нации. Еко-Не Лути се Човече е игра исполнета со изненадувачки елементи каде учесниците можат да учат нови факти, да одговараат на различни прашања и да се забавуваат во исто време.





- **Евалуација и доделување на сертификати**

На крајот на последниот ден, учесниците ги добија своите сертификати за учество на Кампот за одржливост. Процесот на прием на сертификати беше меѓусебно поделен меѓу учесниците и тие ги даваа сертификатите едни на други со споделување на неколку позитивни и убави зборови едни на други.




## Заклучок:

Основната цел на организирање на ‘’Кампот за Одржливост’’ беше да се подобри знаењето на средношколците за одржливите цели на Обединетите нации преку формални и неформални методи. На учесниците им беа презентирани целите на Обединетите нации преку игри, проекти и групна интеракција. Групирањето во тимови да работат на одредено прашање од различна еколошка природа го стимулираше нивното иновативно и креативно размислување. Исто така, платформата „Алатка за одржлив развој“ им помогна појасно да ги мапираат предизвиците, можностите и засегнатите страни во тој проблем.

Поради оваа причина, веруваме дека со постојана организација на овој камп и слични активности ќе го подобриме образованието кај учениците од областа на екологијата, одржливата заедница и заштитата на природната средина.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

# Камп за одржливост #3, Охрид

# Наративен извештај

## Инфо за кампот за одржливост

„Училиштето за одржлив развој“ кое овозможува неформално изучување и разбирање на целите за одржлив развој (поставени од Обединетите Нации за 2030 година) во период од 06-09.11.2019 година, по трети пат организираше: „Камп за Одржливост“. Темата на овој камп беше: ***„Намалување на Аерозагадувањето и Отпадот во Македонија“.***

Организатор на овој камп е Здружението на граѓани Еко- Логик, во соработка со Град Скопје и Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија Скопје.

## Инфо за пристигнати апликации за учество на кампот за одржливост

Повик за учество на кампот за одржливост беше испратен, споделен до сите средни училишта на Град Скопје на 14.10.2019 година. Истиот беше објавен и на социјалните мрежи (фб страни) на Еко Логик и Училиште за одржлив развој.

Краен рок за пријавуваше беше до: 31.10.2019 година. До тој период, пристигнаа 84 апликации. Задача која им беше поставена на заинтересираните ученици беше да споделат идеја за начинот на решавање на проблемот поврзан со аерозагадување и отпадот, поткрепена со фотографија од околината која ги опкружува.

На повикот пристигнаа различни типови на апликации, односно идеи- опфатени истражувања за зададената тема; инспиративни текстови, односно есеи; иновативни идеи за соочување со локалните предизвици итн.

Исто така, беа испратени и различен тип на фотографии- фотографии од опкружувањето; цртежи; обработени фотографии од интернет итн.

Согласно, воспоставените критериуми- идеја и фотографија кои означуваат оригиналност, критичко размислување и мотивација за справување со локалните проблеми и предизвици, беа избрани 24 учесници.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**06.11.2019 година**

На самото отпочнување, учесниците беа информирани за целите, очекувањата и активностите кои ќе бидат реализирани на самиот камп. Исто така, беше претставен тимот на Еко Логик, како и активностите кои се реализираат во рамки на Здружението.




За непосредно запознавање на учесниците, беа користени "Ice breaking" активности. Овие активности се ограничени на десетина минути, по што учениците имаат можност да се забавуваат преку игри, да се чувствуваат опуштено, да веруваат еден на друг, да ги осознаваат нивните интерни желби и амбиции, начин на користење на слободното време итн.





Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk



Овој начин на комуникација и создавање на функционална група која што ќе одговори на барањата и поставените цели на кампот, беше воспоставен во текот на сите денови на одржување.

**07.11.2019 година**

- **Презентација на целите за одржлив развој**

На учесниците детално им беа објаснувани 17- те цели за одржлив развој кои се основа за „Агендата 2030“. Беа разгледувани економските, социјалните, но придобивките за животната средина првенствено, како еден од приоритетите за целиот свет. Исто така, беа потикнувани да размислуваат кои од целите се лесно применливи во локален контекст на заедницата.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk




- **Разгледување на предложените предизвици и проблеми**

Беше разгледуван самиот повик за доставување на апликации за учество на кампот, за резултатите на истиот, како и за избраните идеи и фотографии. Учесниците имаат можност да споделат за потикот за пријавување на повикот, но истовремено и да говорат за нивните апликации и идеи за справување со локалните предизвици и проблеми поврзани со аерозагадувањето и отпадот.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

Дискусијата прерасна во пошироко опфаќање на нивни размислувања за актуелните проблеми, видувања за ситуации кои ги среќаваат во нивното секојдневие (недоволна свест за заштита за животната средина од самите граѓани на општеството, немање или простор кој што не е соодветен за складирање на отпад, причини за појава на аерозагадување) и кои резултираат со Скопје да биде еден од најзагададените градови во Европа.



- **Работа во групи: Истражување на тема отпад и аерозагадување**

Учесниците беа поделени во групи каде имаа задача да истражуваат, користејќи го интернетот како алатка на зададени параметри кои се причинители за појава на аерозагадување и отпад, како на пример: индустрија, греење во домаќинствата, сообраќај, отпад во реката Вардар. Резултатати кои произлегоа од оваа задача се факти, истражувања, податоци кои на крајот на сесијата секој од групите ги презентираа пред останатите.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk





- **Работа во групи- Дефинирање на проблем на локално ниво**

Учесниците беа поделени во група, различна од претходната, каде преку дискусија, секој од нив предложуваше проблем за кој сметаат дека е важен за нив. Изборот се стеснуваше, така што од првично шест поставени проблеми, се дефинираат три, и потоа преку принцип на гласање учесниците избираа една тема која беше детално разработувана.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk





Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

## Разбирање на проблемите

За оваа задача се користеше „Алатка за одржлив развој“, креирана од страна на Здружението на граѓани- Еко Логик. Учесниците за избраниот проблем утврдуваа: бенефиции, корисници, предизвици, засегнати страни, и исходи. На крајот, споделуваа и можни решенија.

Презентацијата се вршеше меѓусебно помеѓу секоја група, и секој од нив поставуваше прашања кое се во домен на нивниот интерес, но и предлог за подобрување за некои од презентираните точки.

- **Социјални медиуми без интернет**

На крајот на денот, учесниците имаа за нив интересна задача, односно, да го креираат, нацртаат нивниот Фб профил- напишат статус за начинот на кој го поминале денот на кампот, користат емоции и слично. Потоа да коментираат, постираат или реагираат на меѓусебните профили.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**08.11.2019 година**

Квиз-Колкав е вашиот еколошки отпечаток (колку загадувате)

Најпрво учениците беа информирани што всушност означува еколошки отпечаток и колку изнесува во одредени земји. Потоа, им поделени прашања во форма на квиз, за самите утврдат колкава е големината на нивиот отпечаток. Целта беше да се утврди колку природа е потребна за животниот стил, и колку природа е потребно за да се абсорбираат остатоците од тој начин на живот.






- **Работа во групи**
- Подготовка на можни решенија за дефинираните проблеми;
- Креирање на производ

Во текот на одржување на кампот, учениците вредно работеа на откривање на ново иновативно решение или производ за намалување на причините и последиците од аерозагадувањето и отпадот, преку brainstorm сесија и размена на идеи. Резултатите и нивните предлог насоки, на кои треба сериозно да се обрне внимание и размисли за можноста за нивно имплементирање се следни:

**Тим 1-** Екопласт

Слоган: Наша цел, ваша акција

Крајна цел на овој проект е формирање на социјално претпријатие кое што ќе овозможува едукација и целосно искористување на отпадот. Причини за оваа идеја е постоење на отпадот како дел од секојдневното соочување и начинот на функционирање на неформалните собирачи. Преку претпријатието ќе се ангажираат вработени кои што ќе собираат пластичен отпад, потоа истиот ќе се препродава и на тој начин ќе се остварува профит и обезбедува плата на работниците и дополнителна инвестиција.

Ученици дел од тимот:

- Николина Серафимовска, СУГС „Кочо Рацин“
- Анџела Которчевиќ, СУГС„Кочо Рацин“
- Ања Реџовска, СУГС„Георги Димитров“
- Викторија Младеновска, АСУЦ„Боро Петрушевски“
- Ненад Ѓоргиоски СМУГС „Др.Панче Караѓозов“
- Александар Цветкоски СУГС „Кочо Рацин“



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**Тим 2-** Депо на Македонија

Слоган: Депонија или Македонија

Проблем кој што го потикнува креирањето на овој проект е палењето на диви депонии со мешан отпад. Решенија кои што се предлагаат се однесуваат на зголемување на јавната свест преку имплементирање на кампањи и средби со релевантни страни. Подетално:

1. Акцентирање на проблемот преку визуелен приказ- билборди и постери
2. Запознавање на медиумите и социјалните мрежи со иницијативата
3. Одобрување на проектот- МОН и БРО
4. Информирање на учениците за проектот
5. Организирање на студиски посети
6. Подршка и соработка со други граѓански организации
7. Организирање на еко парада

Ученици дел од тимот:

1. Мартина Костадиновска, СГГУГС „Здравко Цветкоски"
2. Лука Пападимитров, СУГС „Георги Димитров"
3. Теа Стефановска, СУГС „Орце Николов"
4. Јана Глигороска, СУГС „Раде Јовчевски Корчагин"
5. Евгенија Велиновска, АСУЦ „Боро Петрушевски"
6. Катерина Рабаџиска, СУГС „Димитар Влахов"



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**Тим 3** Робохоп

Слоган: Не се прави јак, употреби пак

Станува збор за иновативна машина за ситнење на пластика и хартија која би се поставила во градинките, основните, средните училишта и факултетите.

Причини кои доаѓаат до креирање на овој производ е: незаинтересираност, неправилна употреба на контејнерите и ниска еколошка свест.

Ученици дел од тимот:

1. Јана Бојаровска, СУГС „Георги Димитров“
2. Ана Терзиева, СУГС „Георги Димитров“
3. Милица Николиќ, АСУС „Боро Петрушевски“
4. Мартина Цветковска, АСУЦ „Боро Петрушевски“
5. Дарко Илиевски, СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“
6. Бисера Наумовска, СУГС„Орце Николов“



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**Тим 4** Онлајн апликација

Назив: soberime.mk

Целта на оваа апликација е да се овозможи селекција и подобро третирање на отпадот, како и подобро искористување на обновливите материјали. Преку користење на апликацијата ќе се овозможи помала употреба на контејнери, а со тоа и намалување на дивите депонии.

Учесници дел од тимот:

1. Викторија Коцевска, СУГС „Димитар Влахов“
2. Лилија Ивановска, СЕПУГС„Васил Антевски Дрен“
3. Кристијан Сарафимовиќ, АСУЦ „Боро Петрушевски“
4. Евгенија Пауновска, СУГС „Никола Карев“
5. Антонио Николов, СУГС „Кочо Рацин“
6. Стефан Рајчин, АСУЦ „Боро Петрушевски“



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

При изнoѓање на иновативни решенија и креирање нови продукти беше користен процесот на “Design thinking“, кој што е реализира во рамки на проектот “D- learning“.

Овој процес исклучително е корисен во справувањето со комплексни проблеми кои што се неопределени или непознати, со разбирање на човечките потреби, преку создавање на многу идеи во сесиите за “бура на мозокот“ и усвојување практичен пристап при формирање на прототип и тестирање.

Имплементирањето на овие фази ќе овозможат примена на методите за размислување, со цел решавање на сложените проблеми што се појавуваат околу нас - во нашите компании, во нашите земји, па дури и во обемот на нашата планета.

**09.11.2019 година**

- Еко квиз

Учесниците учествуваа на квиз каде решаваа прашања со повеќекратен избор поврзани со аерозагадување и отпадот. За време на решавањето на прашањата, тие се потсетија или научија факти и информации поврзани со штетните влијанија врз здравјето на човекот, најзагадени градови и држави, конвенции итн.

Учесникот со најточни одговори доби симболичен подарок за неговиот труд и знаење.





- **Доделување сертификати**

На крајот на кампот, на учесниците им беа доделувани сертификати на нестандардизиран начин. Имено, наместо од страна на организаторот, учесниците меѓусебно си разменуваа сертификати кажувајќи еден на друг, позитивни стекнати впечатоци.

- **Евалуација**

Земајќи во предвид возраста на учесниците, не им беше поделена евалуација за потполнување на стандардизиран начин. Наместо тоа, на стикери запишуваа коментари за што им се допаѓа и што би промениле на кампот.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

Генерално впечетоците се следни:

На прашањето што им се допаѓа, учесниците одговорија:

- Супер програма
- Групни активности
- Игри
- Одличен однос на организаторите
- Релаксирани предавања
- Нови знаења и видувања за зададената тема
- Дружба и соработка

На прашањето што би промениле учесниците одговорија:

- Повеќе слободно време
- Повеќекратни паузи
- Зголемување на времетрање на кампот

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

# Заклучок

Што го одбележа овој камп?

- Активна вклученост, предлози, идеи, иновативни решенија и производи, дискусија, креативност, дружба, зголемување на знаењето поврзано со аерозагадувањето, проширување на видиците итн итн.

- Младите се свесни за актуелниот проблем поврзан со аерозагадувањето и се подготвени да почнат со исчекор за потикнување на промени.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

Подготвено од Здружение на граѓани Еко Логик

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17, 1000 Скопје, Р. Македонија

Телефон: 389 02 609 1776 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

Eco Logic

Училиште за одржлив развој